Приватна високообразовна установа
- Висока стручна школа
ФАКУЛТЕТ ЗА БИЗНИС ЕКОНОМИЈА
Бр. 02-777/1
27.12 2021 год.
СКОПЈЕ

# ГОДИШНА ПРОГРАМА ЗА РАБОТА
# на ФАКУЛТЕТ ЗА БИЗНИС ЕКОНОМИЈА за 2022 год.

ПВУ-ВСШ Факултет за Бизнис Економија Скопје (ФБЕ) нуди висококвалитетна образовна програма на прв циклус додипломски студии. Целите и задачите на програмата за работа на ФБЕ за 2022 год. произлегуваат од најзначајните предизвици во високо образовниот систем и се воглавно насочени во сегментите на наставно-образовната дејност, научно-истражувачката работа, промоцијата на факултетот и зајакнување на релациите со бизнис заедницата.

Годишната програма има за цел:

- ✓ Подобрување и модернизирање на наставно-образовниот процес
- ✓ Прилагодување на образовниот процес согласно тековната состојба со пандемијата Ковид-19
- ✓ Поттикнување и унапредување на истражувачката работа
- ✓ Зајакнување на меѓународната соработка
- ✓ Интензивирање и зајакнување на релациите со бизнис заедницата
- ✓ Интензивирање на промотивните активности за запишување на студенти на прв циклус студии на ФБЕ

## 1. Наставно-образовна дејност

Наставно – образовната дејност на ФБЕ се остварува во подрачјето на општествените науки, во полето на економски науки.

Во годината што следи фокусот ќе биде насочен кон ефективно спроведување на наставно – образовниот процес земајќи ја предвид тековната состојба со пандемијата Ковид-19. Факултетот ќе продолжи со практикување на онлајн настава се додека не се создатат услови за одвивање на истата со физичко присуство на студентите во просториите на факултетот. Истовремено, ќе се работи на осовременување на наставните планови и користење на алатки кои ќе овозможат студентите на иновативен начин да се стекнат со вештините кои се бараат на пазарот на труд и подготвени да се соочат со предизвиците и можностите кои им претстојат во светот на бизнисот.

Од академската 2021/22 година ФБЕ започна со работа според Елаборатите за тригодишни студии, на македонски и англиски јазик, за кои се добија соодветните решенија од надлежните институции.

Заради подобрување на уписите, ќе се формираат тимови кои ќе работат на креирање на стратегија за привлекување на нови студенти, особено во услови а пандемија, како и тимови кои ќе ги спроведуваат промотивните активности, во земјата и во странство.

Професионалниот развој и усовршување на наставниот кадар е важен дел од наставно – образовниот процес на ФБЕ и истото ќе се реализира преку учества на наставниците на научни собири, конференции и работилници. Во таа насока, преку учествата на наставниците на различни научни настани ќе се создадат и можности за вмрежување и зајакнување на меѓународната соработка со странски високо – образовни институции. Сето тоа се очекува да придонесе за подобрување на наставно-образовниот процес, особено во однос на користењето на нови методи на учење и истовремено јакнење на институционалниот капацитет на ФБЕ. Од тие причини, во текот на следната година на ФБЕ ќе се поттикнува билатералната, регионалната и мултилатералната соработка со високо-образовни институции од странство.

Освен формалното образование вработените во ФБЕ ќе бидат мотивирани за организирање на различни обуки и работилници, летни и зимски школи, со физичко присуство или online, како дел од неформалното образование.

Сите предвидени активности кои вклучуваат патувања ќе се реализираат доколку тоа е можно, а согласно тековната состојба со Ковид-19 пандемијата.

Описот на активностите кои треба да се превземат за реализирање на наставно-образовната дејност во 2022 год., како и индикаторите за следење на успешноста на истите, се дадени како што следува:

| *Активност* | *Опис на активноста* |
|---|---|
| 1.1. | Осовременување на наставните планови |
| 1.2. | Мотивирање/интензивирање на студентски активности |
| 1.3. | Зајакнување на соработката со странски универзитети |
| 1.4. | Учество во програми кои овозможуваат мобилност на кадар и студенти |
| 1.5. | Организирање на обуки, зимски и летни школи-неформално образование |
| 1.6. | Изготвување маркетинг стратегија за промоција на ФБЕ, во земјата и странство |

| *Активност* | *Индикатор за следење на успешност* | *Таргет* |
|---|---|---|
| 1.1. | Евалуација од студентите, постигнати резултати на испитите | / |
| 1.2. | Број на одржани состаноци на студентското собрание | Најмалку 2 |
| 1.3. | Број на склучени договори за соработка | 3-5 |

| | | |
|---|---|---|
| 1.4. | Број на реализирани мобилности на кадарот/студентите | 4-5 /4-6 |
| 1.5. | Број на организирани обуки/работилници | 4-6 |
| 1.6. | Број на новозапишани студенти на ФБЕ на македонски и англиски | Најмалку 100 |

2. **Научно-истражувачка работа**

Во текот на следната година на ФБЕ ќе се поттикнува и реализирањето на истражувачки проекти. За таа цел континуирано ќе се следат соодветните повици и донаторски програми, а ќе се аплицира на оние соодветни на експертизата и искуството на ФБЕ. Притоа, истражувачките активности ќе ги спроведуваат истражувачки тимови. Тимот кој ќе учествува во подготовката и имплементацијата на соодветен проект е на предлог на наставникот кој ја иницирал подготовката на проектот и ја пишувал проектната апликација. Во проектните тимови, зависно од проценката на наставникот кој иницирал аплицирање, ќе може да бидат вклучени и надворешни соработници.

Индикатор за следење на успехот ќе биде бројот на поднесени и одобрени проектни апликации.

Организирањето на научни конференции, симпозиуми и други видови на научни собири во областа на работа на ФБЕ како дел од програмската определба на ФБЕ за 2022 година дополнително ќе придонесе за подобрување на искуството и услугите во доменот на работење на факултетот.

Сите предвидени активности за кои ќе биде потребно физичко присуство ќе се реализираат соодветно на тековните состојби со пандемијата Ковид-19. Таму каде што е можно ќе се охрабрува користењето на онлајн алатки за реализирање на соодветните активности.

Описот на активностите предвидени во делот на научно-истражувачката работа и унапредување на услугите на ФБЕ се дадени како што следува:

| *Активност* | *Опис на активноста* |
|---|---|
| 2.1. | Следење на донаторски програми и подготовка на проектни апликации |
| 2.2. | Професионален развој и усовршување на наставниот кадар |
| 2.3. | Стручно усовршување на административниот кадар |
| 2.4. | Организирање на работилници и конференции |
| 2.5. | Интернационализација и унапредување на Списанието за одржлив развој |

| *Активност* | *Индикатор на успех* | *Таргет* |
|---|---|---|
| 2.1. | Број на поднесени проектни апликации | 4-6 |
| 2.2. | Број на учества на научни собири и реализирани мобилности | 2-4 по наставник |
| 2.3. | Број на учества на работилници и обуки | 2-4 по наставник |
| 2.4. | Број на организирани настани - конференции, работилници, меѓ.недели | Најмалку 2 |
| 2.5. | Број на објавени трудови во Списанието за одржлив развој | Најмалку 5 по издаден број. Најмалку 2 броја. |

3. **Интензивирање и зајакнување на релациите со бизнис заедницата**

Градењето на релации помеѓу образованието и бизнис заедницата претставува силен потенцијал за взаемно збогатување. Од една страна, за бизнис заедницата тоа значи решавање на проблемот со квалификуван кадар кој поседува вештини и знаење соодветни за успешно работење на компаниите. Од друга страна, образованието, само преку современи програми и практики, надополнети со повратен одговор од бизнисите во однос на потребните квалификации на вработените, ќе може соодветно да одговори на тие предизвици.

Зајакнувањето на соработката со пошироката бизнис заедница ќе подразбира иницирање на средби со бизнис заедницата во насока на дефинирање на заедничките интереси. Во таа насока, ФБЕ ќе организира различни тематски обуки за подобрување на одредени вештини кои треба да ги поседуваат како оние кандидати кои се пред вработување, како и веќе вработените во компаниите заради унапредување на нивните вештини.

Исто така, претставници од компаниите ќе бидат поканети да ги споделат своите практични искуства и експертиза со студентите на факултетот, во рамките на експертските предавања по одредени предмети.

4. **Материјално-технички услови**

За реализација на планираните активности ФБЕ располага со сопствени материјално-технички услови за работа. Во насока на поголема ефикасност во извршувањето на активностите, се планира подобрување на условите за работа преку одржување на постојната опрема и по потреба набавка на нова.

Остварените резултати од горенаведните активности ќе бидат содржани во годишниот извештај за работа на директорот на ФБЕ.

27 Декември, Скопје

Директор,

проф.д-р Биљана Ѓозинска